**НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-ОХРИД**

*НУ Завод и Музеј - Охрид, ул. "Боро Шаин" бр. 10, П.Фах. 95, 6000 Охрид, Република Македонија, тел. 046/262-498; 046/231-300; факс 046/231-302, Музејска зграда Робевци 267-173; e-mail. zimohrid@yahoo.com жиро сметка: буџетска 180100907560319 и сопствена 180100907578716*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - ОХРИД
бр. 04-73/1
17.01 20 19 год.
ОХРИД

Врз основа на член 21 и член 23, став 4 од Законот за работните односи (Сл.весник на РМ бр.62/05; 106/08; 161/08; 114/09; 139/09; 149/09; 50/10; 124/10; 47/11; 11/12; 39/12; 13/13; 25/13; 170/13; 187/13; 113/14; 20/15; 33/15; 72/15; 129/15; 27/16), член 77-ж од Законот за културата (Сл.весник на РМ бр. 31/98; 49/03; 82/05; 24/07; 116/10; 47/11; 51/11; 136/12; 23/13; 187/13; 44/14; 61/15; 154/15; 39/16 и 11/18), член 20-д, став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.весник на РМ бр. 27/14; 199/14; 27/16 и 35/18), согласно Согласноста од Министертвото за финансии бр. 18-16690/2 од 21.11.2018 година и согласно член 13, став 2, алинеја 7 од Статутот на Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид, в.д. директорот ја донесе следната:

# О Д Л У К А

за избор на 1 (едно) лице Стручен работник библиотекар
по објавен Јавен оглас за вработување бр. 01/2018

Член 1

Согласно објавениот Јавен оглас за вработување на лица на неопределено работно време во Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид бр. 01/2018 и Предлогот за избор на кандидат за работната позиција КУЛ0304Д03001, Стручен работник библиотекар, бр. 04-71/2 од 16.01.2019 година, доставен од страна на Комисијата за спроведување на постапката за вработување, за работното место наведено во Јавниот оглас под став I точка 2 - КУЛ0304Д03001, Стручен работник библиотекар, се избира лицето Даниела Недељковиќ.

## О б р а з л о ж е н и е

Постапката за вработување во Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид ја спроведе Комисија определена од страна на Министерството за култура на РМ (Допис бр. 27-13657/2 од 13.12.2018 год.).

Комисијата, по административната проверка на пријавите, на ден 11.01.2019 год., во просториите на Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид спроведе Интервју во писмена форма со пријавените кандидати за работната позиција КУЛ0304Д03001, Стручен работник библиотекар.

Комисијата за спроведување на постапката за вработување ги разгледа и оцени одговорите кои пријавените кандидати ги дадоа на прашањата поставени на Интервјуто и по извршеното оценување, кандидатите ги рангираше по следниов редослед:

1. Даниела Недељковиќ
2. Мери Дика
3. Царе Секулоска

Кандидатот Катина Кузман Танеска не се одзва на Поканата за интервју.

Комисијата изготви Предлог до в.д. директорот за избор на кандидат за работната позиција КУЛ0304Д03001, Стручен работник библиотекар, со кој предложи да се избере прворангираниот кандидат, Даниела Недељковиќ.

Согласно чл. 21 од Законот за работните односи и чл.77-ж од Законот за култура, в.д. директорот на Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид, на предлог на Комисијата, го избра лицето Даниела Недељковиќ за работното место КУЛ0304Д03001, Стручен работник библиотекар.

Заради претходно наведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Правна поука: Против оваа Одлука, незадоволните кандидати имаат право во рок од 8 (осум) дена да поднесат жалба до Управниот одбор на Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид.

в.д директор,
Елеонора Новаковска